РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВОГАШТАНИ
Бр. 32-88/2
26.01 20 26 год
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Сојуз за младинска работа поднесено на 22.01.2026 година, имателот на информацијата Општина Кривогаштани го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од Сојуз за младинска работа, поднесено до Општина Кривогаштани, заведено под број 32-88/1 од 22.01.2026 **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Општина Кривогаштани, беше доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер од Барателот на информации Сојуз за младинска работа, заведено во архивата на Општина Кривогаштани под архивски број 32-88/1 од 22.01.2026 година со кое Барателот бара преку електронски запис/е-маил да му биде доставена следната информација од јавен карактер:

1. Дали е формиран Локален младински совет?
2. Доколку е формиран ЛМС: да ни ја доставите документацијата за негово формирање: јавниот повик за избор на членови на ЛМС; одлуките за избор на членови; моменталниот состав на ЛМС.
3. Доколку НЕ Е формиран ЛМС: кои се причините што до овој момент не е формиран ЛМС; и доколку е отпочнат процесот, во која фаза е во овој момент?
4. Дали е назначен службеник за млади во општината и негови контакт податоци: email адреса и телефонски број?
5. Дали е формиран младински центар?
6. Доколку е формиран младински центар: да ни ги доставите одлуката за негово формирање, одлука за избор на организација која ќе раководи со МЦ, контакт информации за организацијата која управува со него, извештај за работата на сите претходни години во кои работел центарот, програма за работа за 2026 година, податоци за издвоени средства од буџетот за 2024, 2025 и 2026 година?
7. Доколку не е формиран младински центар: кои се причините што до овој момент не е формиран ЛМЦ; и доколку е отпочнат процесот, во која фаза е во овој момент?
8. Дали е усвоена локална стратегија за млади?
9. Доколку е, да и ја доставите стратегијата и акцискиот план.
10. Доколку не е, кои се причините што до овој момент не усвоена Локална стратегија за млади; и доколку е отпочнат процесот, во која фаза е во овој момент?

**Општина Кривогаштани Ви ги доставува следните одговори на вашите поставени прашања:**

1. Дали е формиран Локален младински совет?
   - **Да**
2. Доколку е формиран ЛМС: да ни ја доставите документацијата за негово формирање: јавниот повик за избор на членови на ЛМС; одлуките за избор на членови; моменталниот состав на ЛМС.
   - **Во прилог на ова решение ќе ви ја доставиме документацијата.**
3. Доколку НЕ Е формиран ЛМС: кои се причините што до овој момент не е формиран ЛМС; и доколку е отпочнат процесот, во која фаза е во овој момент?
   - **/**
4. Дали е назначен службеник за млади во општината и негови контакт податоци: email адреса и телефонски број?
   - **Не**
5. Дали е формиран младински центар?
   - **Не**
6. Доколку е формиран младински центар: да ни ги доставите одлуката за негово формирање, одлука за избор на организација која ќе раководи со МЦ, контакт информации за организацијата која управува со него, извештај за работата на сите претходни години во кои работел центарот, програма за работа за 2026 година, податоци за издвоени средства од буџетот за 2024, 2025 и 2026 година?
   - **/**
7. Доколку не е формиран младински центар: кои се причините што до овој момент не е формиран ЛМЦ; и доколку е отпочнат процесот, во која фаза е во овој момент?
   - **Последна фаза, прибирање на финална документација.**
8. Дали е усвоена локална стратегија за млади?
   - **Да**
9. Доколку е, да и ја доставите стратегијата и акцискиот план.
   - **Во прилог на ова решение ќе ви ја доставиме стратегијата и акцискиот план.**
10. Доколку не е, кои се причините што ѓо овој момент не усвоена Локална стратегија за млади; и доколку е отпочнат процесот, во која фаза е во овој момент?
   - **/**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**По овластување на Градоначалникот**
**на Општина Кривогаштани**
**Службено лице за посредување со информации**
**од јавен карактер**
**Христина Стомнароска**